**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-4472/1

Скопје 12.10.2017г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 12-ти октомври 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува осумнаесеттиот дневен извештај за 12-ти октомври 2017 година.

Мониторингот на Агенцијата се одвива редовно, а во тек се проверки на податоците во врска со индициите за можни прекршувања.

Денеска, Агенцијата пред надлежниот суд покрена прекршочна постапка против ТВ Алфа поради тоа што во првите десет дена од изборната кампања (25 септември - 4 октомври 2017 година) не обезбеди избалансирано покривање на изборите во својата вкупна програма, односно во вестите издвои забележливо повеќе време за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Исто така, денеска беше поднесена жалба на пресудата за ТВ 24 Вести и за одговорното лице поради тоа што Судот им изрече ублажени глоби за прекршокот на член 77 став 2 од Изборниот законик, сторен со тоа што објавија резултати од истражување на јавното мислење без да ги наведат сите законски предвидени податоци. Во врска со овој случај Агенцијата даде и одговор на жалбата поднесена од обвинетите.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**